# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
# УПРАВЕН СУД

## РАСПОРЕД
**За изменување и дополнување на Распоредот за работа на вработените во судската служба на Управен суд за 2018 година Су-04.бр.0102-4/18 од 04.01.2018 година**

---

**Скопје, јануари 2018 година**

**Су-04.бр.0102-19/18**

Претседателот на Управниот суд, Бурим Сејдини, согласно член 88 од Законот за судовите (Службен весник на Република Македонија бр.58/06; 35/08 и 15/10) и член 112 и 113 од Судскиот деловник (Службен весник на Република Македонија бр.66/2013 и 114/2014), на ден 18.01.2018 година, го донесе следниот:

**РАСПОРЕД**
**За изменување и дополнување на Распоредот за работа на вработените во судската служба на Управен суд за 2018 година Су-04.бр.0102-4/18 од 04.01.2018 година**

Распоредот за работа на вработените во судската служба на Управен суд за 2018 година, донесен според Распоредот за работа на Управен суд за 2018 година, а евидентиран под Су-04.бр.0102-4/18 од 04.01.2018, се менува и дополнува на следниот начин:

Судскиот службеник **Наташа Кузмановска**, виш судски референт – извршител во писарница, се распоредува како водител на судската писарница, која ќе постапува и по писмените барања за известување во врска со прашања за постапката по определени предмети, а во случај на отсуство или спреченост на судскиот службеник **Лилјана Јосифовска**, виш судски референт – извршител во писарница, ќе ги врши и работите во судската писарница поврзани со автоматската распределба и прераспределба на предметите на судиите преку АКМИС системот.

Во случај на отсуство или спреченост на судскиот службеник **Лилјана Јосифовска**, виш судски референт – извршител во писарница, судскиот службеник **Фатиме Шаќири Буши**-помлад судски референт, распоредена во приемната писарница, ќе врши и помошни работи во судската писарница поврзани со автоматската распределба и прераспределба на предметите на судиите преку АКМИС системот.

Наведените измени и дополнувања важат до донесување на нов распоред за работа на вработените во судската служба на Управниот суд.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУД**
**Бурим Сејдини**